Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
16-10-2025
49-8622/2

ДО:

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- Генерален Секретаријат - **Сектор за анализа на политиките и координација/Одделение за соработка со невладини организации**

**Архивски број:** 12-3841/2
**Датум:** 15.10.2025 **година**

**Предмет: Мислење, произнесување по Предлог иницијатива од Законот за административните службеници**
**Врска број:49-8622/1 од 18.09.2025**

**Почитувани,**

Министерството за јавна администрација, постапувајќи по дописот на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија со предмет **„Предлог-иницијатива на Институтот за европска политика – Скопје“, доставува следно мислење:**

Министерството позитивно се произнесува по иницијативата под наслов „***Редовна подготовка и објавување на извештаите кои произлегуваат од Законот за административни службеници***“, имајќи ги предвид следните аргументи:

Предлог-иницијативата е усогласена со одредбите на Законот за административни службеници, кој предвидува редовна подготовка на годишни извештаи поврзани со управувањето со човечките ресурси во јавниот сектор. Станува збор за податоци кои се однесуваат на структурата на работната сила, оценување на ефектот, унапредувања, стручно усовршување и обуки, дисциплинска одговорност и интегритет.

Иницијативата директно придонесува за остварување на приоритетите предвидени со Програмата за работа на Владата 2024–2028, и со приоритетот за изградба на модерна, ефикасна и дигитализирана јавна администрација.

Се очекува иницијативата да има позитивни економски, административни и социјални влијанија, преку унапредување на управувањето со човечките ресурси во


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

јавниот сектор, зголемување на транспарентноста, како и создавање корисна база на податоци за истражувачката и академската јавност.

Министерството за јавна администрација дава позитивно мислење за предложената иницијатива и ја поддржува нејзината имплементација.

**Со почит,**

**Министер за јавна администрација**
**Горан Минчев**

_______________________


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk